ОПШТИНА БУТЕЛ
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 09-840/18 од 24.07. 2025 година
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16; 11/18; и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19; 14/20; 215/21;99/22 и 208/24) и врз основа на член 50 став 1 алинеја 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 202/24) , Градоначалникот на Општина Бутел донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на кандидат за административен службеник во Општина Бутел, по јавен оглас бр.342/2025**

1. За извршител на работно место УПР 01 01 В04 000 **Помлад Соработник за сметководствено- книговодствени работи** во Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања **СЕ ИЗБИРА** кандидатот **Елизабета Дефас Кирковска**.

2. Именуваниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука, ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

3. Оваа Одлука се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација и се доставува до избраниот кандидат.

## Образложение

На барање на Општина Бутел, Агенцијата за администрација на ден 26.05.2025 година објави Јавен оглас бр.342/2025 за вработување на 1 административен службеник, на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха.

Со решение број 10-1103/3 од 10.06.2025 година формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација.

Согласно Законот за административни службеници и Уредбата за спроведување на постапка за вработување на административни службеници, Комисијата за селекција спроведе постапка за вработување, утврдена со Записник бр. 10-1103/4 од 12.06.2025 година за извршена административна селекција, Записник бр. 10-1103/5 од 11.07.2025 година за спроведен испит за административен службеник и Записник бр. 10-1103/6 од 18.07.2025 година од спроведена проверка на веродостојност на доказите и спроведено интервју.

По спроведена постапка, Комисијата за селекција изготви Конечна ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и достави до Градоначалникот на Општина Бутел Предлог за вработување на кандидати со бр 10-1103/7 од 18.07.2025 година, врз основа на кој се утврди дека за работното место број 1, шифра УПР 01 01 В04 000 **Помлад Соработник за сметководствено- книговодствени работи** во Одделение за сметководство и плаќање, Сектор за финансиски прашања, го предложи кандидатот **Елизабета Дефас Кирковска**, со вкупно **67.60 освоени бодови** во сите фази на селекција.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 45 став 1 од Законот за административни службеници Градоначалникот на Општина Бутел по разгледување на приложената конечна ранг-листа и доставениот Предлог за вработување одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за Администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на интернет страната и на огласна табла на Агенција за Администрација.

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Агенција за администрација
- Одделение за управување човечки ресурси
- Архива

Градоначалник на
Општина Бутел
Дарко Костовски

Изработил:
Алма Џуцевиќ
Контролирал:
Билјана Велковска